**2021053766**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 март 2021 година.

Бр. 08-1337/1
3 март 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Член 1

Во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19), по членот 9 се додава нов член 9-а, кој гласи:

„Член 9-а

**Приходи од данокот на додадена вредност за 2021 година**

По исклучок од членот 9 став (2) од овој закон, приходите од данокот на додадена вредност за 2021 година се обезбедуваат во висина од 4,5% од просекот на наплатениот данок на додадена вредност во последните три фискални години.“.

Член 2

Одредбите од членот 9-а од овој закон ќе се применуваат во периодот од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.